# СОНК НЕ СЕ СОГЛАСУВА ДА СЕ НАМАЛАТ ПЛАТИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија со особено внимание и голема загриженост ги следи состојбите во нашата држава предизвикана од Корона вирусот. Загриженоста се темели на неколку полиња и тоа:

1. Просветните, научните и културните работници со голема загриженост ги следат информациите за ширењето на вирусот во Македонија и препораките на Владата за примена на мерки, со што би се намалил ризикот за инфицирање од овој смртоносен вирус. Од таа причина и ние како Синдикат апелираме доследно да се почитуваат препораките на надлежните, со цел што е можно повеќе да се заштитиме и да придонесеме за спречување на ширењето на оваа пандемија.

И ние се приклучуваме на препораката: СЕДЕТЕ ДОМА, со минимални излегувања во животната средина.

2. Приоритет на сите нас е животот и здравјето на луѓето, за што секој од нас има и лична одговорност. Но, во време на редуцирано и ограничено движење, ограничено реализирање на работните обврски, особено во стопанството, се наметнува и економска криза, предизвикана од неможноста стопанството да работи со полн капацитет. Ние сме свесни дека даноците што ги плаќаат стопанството и граѓаните го полнат буџетот на државата и јавниот сектор од тие средства зема плата. Во вакви околности, се наметнува стравот на нашите членови за сигурноста на нивната заработувачка.
3. Денешната прес-конференција на лидерот на СДСМ,

господинот Зоран Заев, со изнесување на предлог – мерки за намалување на економската криза и помагање на стопанството, конкретно, за намалување на платите во јавниот сектор за повеќе од 50%, во нашето членство предизвика големо незадоволство, загриженост, несогласување, немир, страв за сопствената егзистенција, егзистенцијата на сопственото семејство. СОНК смета дека оваа мерка е премногу радикална и дека голем дел од вработените ќе ги доведе до работ на егзистенцијата. Ова не сакаме да звучи егоистички, меѓутоа, сметаме дека предложените мерки директно ќе удрат врз работниците, што реално се и најмалку платени во државата. Особено реакциите се жестоки од страна на просветните работници, кои, во интерес на учениците, индиректно и на државата, вложуваат надчовечки напори преку алтернативни форми и методи, во домашни услови, да ја реализираат планираната програма.

4. СОНК е убеден дека постојат и други решенија за надминување на економската криза, решенија кои директно и радикално нема да се манифестираат врз работниците во јавниот сектор. За таа цел, бараме, предлогот упатен до Владата за намалување на платите до висината на минималната плата, односно до 14 500 денари, да се повлече.
5. Предлагаме, под итно, да се воспостави социјален дијалог со синдикатите, да се слушнат и нашите размислувања и предлози. Особено е важно, според нас, да се консултираат и прифатат мислењата на економските експерти во нашата држава, без разлика на политичкото убедување и дејствување. Секој издржан и добронамерен предлог, поткрепен на база на длабока анализа и факти, треба да се прифати.
6. Конечно, уште еднаш да го истакнеме нашиот став дека не го прифаќаме предложеното намалување на платите во администрацијата, од страна на претседателот на СДСМ. Апелираме до Владата, доколку ваков предлог дојде на дневен ред, да се отфрли. Со тоа би се спречиле и

дополнителни социјални и економски немири, што воопшто не е исклучено со ваквата предлог мерка.

Впрочем, оваа криза не е само во Македонија. Ваква предлог мерка, во држави слични на нашата, каде што има економска криза,  намалување на плати нема ниту во Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Албанија, Косово, Бугарија, Грција……..

Со почит,

Претседател,

с.р. Јаким Неделков

---

# ОТВОРЕНО ПИСМО ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Чувствуваме за потребно да се обратиме со таканаречено отворено писмо до сите членови на СОНК, а во тој контекст, секако и до раководствата на нашиот Синдикат на сите нивоа (од синдикалните организации, регионалните одбори, па се до највисоките органи на СОНК). Имено, повеќе месеци наназад направени се големи поместувања вкупно во државата и тоа во најзначајните сфери на функционирањето, со што се создадени битни промени во начинот на функционирање на значајните институции од аспект на социјалното партнерство и социјалниот дијалог. Веднаш да напоменеме дека ова не е ново искуство за СОНК, бидејќи такви драстични промени во сферата на функционирањето на органите на власта на сите нивоа во

државава во изминативе повеќе од две децении, се случија неколкупати. СОНК особено од времето на неговото радикално реформирање, па се до денес многу успешно ги надминуваше сите ново создадени предизвици и тоа најмногу заради неговиот непроменет, а толку пати применет и проверен принципиелен став на максимално конструктивен и коректен социјален партнер и не отстапување од стратешките и суштински интереси на своето членство. Тоа СОНК го докажа и во времето кога власта ја имале сегашните позициони политички партии, но и кога на власт беа сегашните опозициони политички партии и за тоа имаме непобитни и докази и резултати од таквиот принципиелен и исправен однос на СОНК.

СОНК и сега е исправен пред многу важен предизвик за одбрана на веќе споменатите стратешки и суштински интереси на своето членство, и тоа не заради смена на политичките партии кои сега ја остваруваат власта, туку заради тоа што дел од носителите на исклучителни високи функции на дел од ресорите на национално ниво, кои се на чело на ресори кои се за нас од посебно значење: МТСП, МОН, Министерство за култура и Министерство за финансии. Секако дека нашето членство, како и целата јавност знаат за проблемот со нефункционирање на Економско социјалниот совет – ЕСС, кој е исклучително значаен национален орган во кој се изразуваат интересите на трите социјални партнери во државата (власта, работодавачите и синдикатите) и покрај сите наши укажувања, реакции и слично, за жал и понатаму продолжува целосното пасивизирање, па дури може да се каже на некој начин и исмејување на овој орган.

Законската обврска на претставниците на органите на власта, во случајов на национално ниво, за остварување на социјален дијалог и преговори со репрезентативните синдикати, последните неколку месеци целосно не функционира. Последен пример на таквото крајно незаконско и недемократско однесување и од аспект на меѓународните стандарди, е предлогот на Министерството за финансии за Буџетот за наредната година. Без никаква консултација со социјалните партнери, која да

повториме е задолжителна (според Законот за работни односи и Колективните договори), направена е кабинетска проекција во делот на платите за наредната година и на еден крајно неприфатлив начин соопштена на претставниците на работодавачите и на интересен состав на претставници на синдикати (од аспект на тоа дека дел од нив кои не се ни од далеку репрезентативни, а со тоа и нелегитимни за преговори), како и на претставници на невладини и граѓански организации кои по ниеден основ немаат надлежност во делот на правата од работен однос, е соопштена како конечна проекција, а е прифатена од страна на Владата.

СОНК во неколку наврати, уште пред повеќе од два месеци, заедно со КСС побара и најави преземање на порадикални средства доколку не дојде до процентуално усогласување на сите плати и во сите дејности соодветно со зголемувањето на висината на минималната плата. Тоа значи зголемување на сегашната основна плата на сите работни места за 19%. Наместо тоа, сега Министерството за финансии и Владата излегуваат со неприфатливи 5% зголемување на платите за градинките, основните и средните училишта во нашите дејности и тоа со септемвриската плата, која треба да се исплати во октомври следната година!!! Не е предвидено никакво зголемување на платите за вработените во културата и високото образование, како дел од нашите дејности, како и во сите останати дејности од јавниот сектор, со исклучок само на здравството и одбраната. Ваквиот потег, сега веќе може да се каже на Владата, значи целосно згаснување на социјалното партнерство и социјалниот дијалог, како и целосно ставање вон сила на колективните договори, кои имаат сила на закон и без никаков законски основ интервенирање во делот на платите што е надвор од било каков правен систем.

Ова беше и главната причина за последната реакција на КСС се разбира и на СОНК, како дел од истата и најава на преземање на сите легитимни и легални средства за решавање на проблемите

исклучиво во согласност со законите и колективните договори на нашата држава и секако согласно меѓународните конвенции.

Раководството на СОНК нема да отстапи од цврстите позиции на одбрана на утврдените права со закон и со колективните договори што ги има потпишано нашиот Синдикат и особено во одбраната на најсуштинските права од работен однос на нашите членови:

- сигурноста на работното место;
- сигурноста на платите соодветно на сложеноста на работното место и коефициентите според колективните договори и
- целосна заштита од било какви притисоци по било какви основи и слично.

Раководството на СОНК очекува изместените состојби во социјалното партнерство и непочитувањето на законите и колективните договори набрзо да бидат надминати, а во спротивно, наскоро Советот на СОНК, како највисок орган на одлучување, ќе одржи седница на која ќе бидат утрвдени натамошните активности на нашиот Синдикат, со мерки кои ќе бидат преземени соодветно на тоа како ќе се одвиваат натамошните состојби во врска со погоре изнесените проблеми.

Очекуваме и бараме од сите наши членови, цврсто да стојат на конгресните определби на нашиот Синдикат и правата и обврските кои произлегуват од Статутот на СОНК, за што имаме целосна поддршка и од меѓународните синдикални организации, во кои СОНК е редовна членка, како и од сите самостојни слободни синдикати во нашата држава. Особено сакаме да укажеме и да ја потенцираме потребата од цврсто чување на единството и на монолитноста на Синдикатот, бидејќи тоа е од исклучителна важност за остварување на сите наши барања. Посебно треба да се чува во овој момент нашата организација од обидите за нејзино разбивање, а вистинската цел на таквите душегрижници

не се за да бидат постигнати некакви повисоки цели, туку само реприза на нешто што веќе е видено пред десетина години (обидот за формирање СОНК при ССМ, МЕСО и слични артикли….), а сега како што е случајот во културата, каде што претседателот на таквата група, која ја прогласија за синдикат, сега е директор на една од најзначајните културни институции во нашата држава и… толку од ветувањата за големите резултати за другите вработени во културата.

Претседател,

Јаким Неделков

---

# Работилница за изработка на Стратегија за безбедност и здравје при работа во образовниот и научниот сектор

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР, на 07 и 08 април 2023 година, одржаа работилница во Охрид, за подготовка на акционен план за изработка на Стратегија за безбедност и здравје при работа, а во рамките на проектот "Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука".

Присутните членови ги искажаа проблемите со кои се соочуваат на своите работни места, а воедно дадоа иницијатива за формирање на Комисија за жалби за непримена на законот и

прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа. Исто така, беше предложено да се врши едукација на синдикалните претставници преку синдикална школа, како и да се подигнат капацитетите на граѓанските организации и синдикатите во креирање на кампањи за подигнување на јавната свест од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Сето погоренаведено ќе помогне да се изготви Стратегија за безбедност и здравје при работа во образовниот и научниот сектор, која ќе биде доставена до надлежните министерства, со цел подобрување на условите за работа во дејностите што ги застапува СОНК.

Присутните на работилницата ја искажаа потребата од повеќе вакви работилници, обуки и семинари на национално ниво, со единствена цел вработените во овие дејности да се запознаат со правата и обрските од Законот за безбедност и здравје при работа.

---

# Членовите на СОНК на уште една работилница за здрава и безбедна работна средина

Во рамките на проектот “Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”, Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК и Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР, на ден 05 и 06.05.2023 година, одржаа работилница на која учествуваа членови на СОНК од Регионалните одбори на Центар, Карпош и Гази Баба.

 

На работилницата, присутните членови имаа можност да се едуцираат и да ги прошират своите знаења, како и да ги посочат проблемите со кои се соочуваат на своите работни места во однос на безбедноста и здравјето при работа.

Актуелните теми за безбедноста и здравјето при работа беа презентирани од страна на предавачи и стручни лица во оваа област, а работилницата имаше и интерактивен карактер, на која присутните добија одговори на сите поставени прашања.

На крајот од работилницата, учесниците изразија голема благодарност за можноста да се стекнат со неопходните знаења од оваа, за нив, многу значајна област.

---

# СОНК на своите членови и синдикални пријатели им

посакува Среќна Нова 2022 година

---

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСНО ОДЛУЧИ ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ ЈАВНИ ПРОТЕСТИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија (СОНК), на редовната седница одржана на 01-02-2015 год. едногласно ги донесе следниве

З А К Л У Ч О Ц И

1. Напорите на Советот на СОНК, согласно законите на Р. Македонија и меѓународните конвенции, низ социјален дијалог со социјалните партнери за да се изнајде заедничко решение по барањата на СОНК, кои се причина за Генералниот штрајк и понатаму не резултираат, поради неприфатливиот и неаргументиран однос и основ на ресорните министерства
   Согласно ваквите непроменети состојби Советот заклучи: – Генералниот штрајк да продолжи со одржување и во наредниот период.

1. Со цел да се упати нова и поенергична легитимна порака до социјалните партнери, Советот одлучи на 04-02-2015 год.(среда) во општините кои ги опфаќаат регионалните одбори на СОНК, да се организираат ј а в н и п р о т е с т и, преку кои

дополнително ќе се манифестира одлучноста на членството на СОНК да истрае во легитимната борба за остварување на своите барања.

Советот им препорачува на регионалните одбори на СОНК да им овозможат учество на јавните протести на сите полнолетни граѓани, кои ќе изразат лична подршка на барањата на просветните и културните работници, членови на СОНК.

Советот ги задолжува регионалните одбори на СОНК да ги превземат сите неопходни подготовки за организирање и одржување на мирни и достоинствени протести.

1. Доколку ресорните министерства и Владата на Р.Македонија не пристапат кон одговорен социјален дијалог со раководството на СОНК за договарање на взаемно прифатливи решенија по барањата, најдоцна до 04-02-2015 год., во тој случај Советот на СОНК заклучи да се организира – **Ц е н т р а л е н п р о т е с т** пред ресорните министерства и Владата на Р. Македонија на 06-02-2015 год (петок), со учество на сите членови на СОНК кои ја подржуваат Одлуката за штрајк, како и сите полнолетни граѓани кои изразуваат подршка на легитимните барања на СОНК.

1. Советот и на оваа седница ја потврди целосната подготвеност за максимално коректен и конструктивен однос и подготвеност за социјален дијалог со ресорните министерства, со застапување на легитимните интереси на членството, изразени преку непосредно изјаснување на истите.

1. Овие Заклучоци влегуваат во сила со денот на нивното усвојување.

Претседател
Јаким Неделков

# Регионалниот одбор на СОНК – Гази Баба го прошири своето семејство со уште две синдикални организации

Регионалниот одбор на СОНК – Гази Баба ја одржа својата прва седница, на која беа разгледани повеќе прашања за актуелните состојби во детските градинки, основното, средното и високото образование.

Како дел од активностите на Регионалниот одбор, кои беа предмет на расправа, секако и една од актуелните теми беше одлуката на Владата согласно која зголемувањето на минималната плата во државата ќе изнесува 18.000,00 денари. Имено, на работната средба, членовите едногласно побараа усогласување на минималната плата со колективните договори, каде што основицата за пресметка на плата ќе биде минималната плата на национално ниво.

Од претседателот на РО на СОНК – Гази Баба, беа констатирани позитивни резултати по однос на зголемувањето на синдикалните организации, а исто така беше поздравен и начинот на кој се зголемува членството во истите.

На крајот на седницата, со заеднички заклучок се одлучи да се продолжи социјалниот дијалог со социјалните партнери и да се изнајдат заеднички решенија по однос на определени прашања во дејностите кои ги застапува СОНК.

# ПОТПИШАН НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КУЛТУРАТА

**ПОТПИШАН НОВ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА КУЛТУРАТА**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК, синдикатот на културата на Република Македонија и министерството за култура го потпишаа новиот грански Колективен договор за вработените во установите од културата, на национално ниво. Со овој Колективен договор се утврдени поголеми права на вработените во овие дејности, во однос на плати по работно место, додатоци на плати, како и конечно утврдување на висината на платите за исто работно место, во иста или различни институции. Особено е важно да се истакне дека коефициентите на сложеност по работните места ќе се множат со законски утврдената најниска плата на национално ниво и ќе се избегне таканаречената "урамниловка", што е случај во други јавни или државни установи. Со потпишување на овој Колективен договор сметаме дека ќе се исправи повеќе деценискста неправда кон одредени работни места и работници, но, сепак постојат и одредени работни позиции кои што, според нас, треба дополнително да се дефинираат кон повисоки коефициенти, за што во наредниот период заедно синдикатите ќе излезат со предлог пред министерството за култура.



Одредбите од овој Колективен договор ќе важат од денот на објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија”, освен одредбите 65 и 66, кои се однесуваат на плати по работни места и ќе отпочнат да важат најдоцна до 01.07.2020 година.

---

# Документи усвоени на 6-от Конгрес на СОНК

## ДОКУМЕНТИ УСВОЕНИ НА 6-от КОНГРЕС НА СОНК

На следните линкови можете да ги превземете документите кои што беа усвоени на 6-от Конгрес на СОНК:
ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОНК.pdf

П Р О Г Р А М А 2015-2020.pdf

Р Е Ф Е Р А Т- 2015.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 1 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 2 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 3 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

РЕЗОЛУЦИЈА 4 ЗА 6 КОНГРЕС.pdf

---

# 5 октомври – светски ден на наставниците